Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.51-36/1
15.02.2011 година
С к о п ј е

**ДО НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НЕСРЕЌИ И ОД КАТАСТРОФИ**

**С К О П Ј Е**

# И З В А Д О К

**од Нацрт-записникот од Двесте и четиринаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.02.2011 година**

**„ТОЧКА 3:** Информација во врска со преземањето на претседателството со Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи и именување на Д-р Панде Лазаревски за претседавач со Форумот

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со преземањето на претседателството со Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи и именување на д-р Панде Лазаревски за претседавач со Форумот и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат институциите кои се уште не доставиле одговор за именување членови на Координативното тело - Министерството за внатрешни работи, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, најдоцна до наредната седница на Владата, да достават предлози за претставници на Координативното тело за организација на Македонското претседателство со Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи во соработка со Националниот координатор да спроведе постапка за преземање на три државни службеници и тоа: еден раководител на сектор, еден раководител на одделение и еден референт, а доколку е во можност Генералниот секретаријат да ја разгледа можноста да отстапи двајца државни службеници и тоа: еден службеник од сектор за информатичка технологија и еден службеник со познавање на англиски јазик, за потребите на Канцеларијата на Национален координатор, не подоцна од првата половина на февруари.

3. Се задолжуваат министерствата да ги разгледаат можностите за евентуално отстапување на репрезентативен работен простор до 80 м2 за потребите на Национален координатор, за период од 8 месеци, почнувајќи од март и заклучно со октомври 2011 година. Работниот простор е неопходен за водење на активностите на Македонското претседателство со Европскиот форум, во смисла на организирање на зачестени меѓународни посети и средби, работни состаноци на дневна основа со бројни делегации од држави учеснички на Европскиот форум, неделни и месечни регионални координации со меѓународни претставници и други меѓународни активности.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата во случај да не постои можност за реализација на третиот заклучок за обезбедување на соодветен работен простор за Националната координација, во текот на февруари да се спроведе постапка за јавно наддавање за закуп на деловен простор до 80 м2, за потребите на Канцеларијата на Националниот координатор и за периодот наведен во третиот заклучок.

5. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да изврши соодветно реновирање и материјално-техничко опремување на работниот простор на Канцеларијата на Национален координатор во просториите на Владата на Република Македонија, обезбедени од Генералниот секретаријат на Владата.

6. Се задолжува Националниот координатор во соработка и координација со Генералниот секретаријат на Владата да подготви предлог финансиски план за организација на Втората конференција на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи, која од страна на Македонското претседателство е предвидена за октомври 2011 година, во Охрид. Се очекува учество на 70 високи претставници на повеќе од 35 држави од Европскиот континент.

Средствата за реализација на финансискиот план за организација на Втората конференција на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи ќе се обезбедат преку прераспределба, во рамките на одобрените средства на буџетскиот корисник – Влада на Република Македонија.

7. Се задолжува Националниот координатор редовно на секои три месеци да ја информира Владата за напредокот во активностите поврзани со Македонското претседателство на Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи.

8. Се определува Националниот координатор д-р Панде Лазаревски, во име на Владата на Република Македонија, да биде контакт лице за Рамката за акција од Хјого.

9. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да го извести Министерството за надворешни работи за спроведување на соодветна дипломатска процедура за информирање на Стратегијата на Обединетите нации за намалување на ризици од катастрофи, како и на Канцеларијата на Обединетите нации во Република Македонија.

10. Се задолжува Националниот координатор д-р Панде Лазаревски да ги ажурира последните активности поврзани со Рамката за акција од Хјого, заклучно со март 2011 година, и за постигнатото да ја информира Владата во последната недела од 2011 година."

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-сите министерства**
**- Генералниот секретаријат на Владата**
**-Службата за општи и заеднички работи**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Кирил Божиновски**

Подготвил: Зорица П. Петрова
Одобрил: Митра Спасовска

2/